**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.6**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ Индустри**

Шести состанок , 08.01.2008 год. простории во МЖСПП, почеток 12 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Миле Јакимовски, директор на Управата за животна средина
- Орхидеја Нечева Петрова, директор на Државен инспекторат за животна средина
- Лендита Дика, раководител на сектор за индустриско загадување и управување со ризик-раководител на тимот,
- Ана Каранфилова-Мазнева, раководител на Сектор за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Алмина Хаџија, самостоен референт во Сектор за просторно планирање-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-Индустри:**

- Оливиер Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина

На почетокот на Шестиот состанок на тимовите за преговарање беа усвоени Записниците од Четвртиот и Петтиот состанок кој се одржаа на 05.12.2007 и 17.12.2007год, во просториите на МЖСПП.

Во продолжение на состанокот, имаше дискусија за депонијата за троска. МЖСПП побара да се достави од страна на ФЕНИ Индустри писмо со намери за студија за Оценка на влијанието врз животната средина, EIA.
Побарано е да се изработи студија за проширување на депонијата за троска.

Од страна на ФЕНИ Индустри доставено е CD верзија за студијата за проширување на депонијата.

Како заклучоци од состанокот се:
Во Активноста бр.11 предвидено е Проширување на депонијата, но од МЖСПП предложена е Нова Активност бр.11а: Средување на техничка документација за студијата за EIA и друга потребна документација за проширување на депонијата за троска.
Предвидената дата за завршување на Активноста е средината на 2008 год.

Активностите 13,14,15, се дефинирани нема забелешки од МЖСПП.

Во врска со Активностите за водите од МЖСПП побарано е да се достави покомплетен Оперативен план за третманот на водите и за истиот да се дискутира во наредниот состанок,во овој состанок исто така ќе се дискутира и за Нацрт дозволата во делот за емисиите во воздух.

Состанокот заврши во 14:00 часот.

**Идниот состанок се закажува за 17.01.2008 год. Во 12 часот.**

Записничар:
Алмина Хаџија